

***Во ова продолжение за читателите на порталот „Македонска нација“ ќе ги претставиме имињата, зборовите, изразите, називите, термините... кои се во „Библискиот речник“: од***
**Асос**
-
***морското пристаниште во северозападна Мала Азија, до***
***Ваал***
**-**
***господарот или власникот, многубожечкиот бог на растот и плодноста***

**Асос** - морско пристаниште во северозападна Мала Азија, во Турција, кој е познат по тоа што Аристотел отворил своја Академија и апостолот Павле поминал низ него (Дап 20,13), при едно од своите мисионерски патувања

**Аспида** - измислено суштество полупетел-полузмија, кое убивало со поглед (Ис 11,8; Мт 3,7; Рим 3,13).

**Астар** - *места во Астарта,* ханански престолнина (5 Мој **1**,4)

**Астарта** -ханански и феникијански божица, жена на Ваал; нејзиниот кип се обожувал во одредени периоди во Ерусалим (3 Цар 15,3), во Израел ( 3 Цар 16,33), во храмот на Ваал во Самарија (4 Цар 10,25), а дури и во храмот на Јахве во Ерусалим {4 Цар 21,3.7). Наредбите и заканите од 5 Мој 7,5; 12,3;16,21, се однесуваат на отстранувањето на нејзините обележја меѓу Евреите. Вообичаено се споменува заедно со Ваал.

**Астијага** - последниот царна мидијското царство, кој бил поразен од неговиот заменик Кир, околу 550г.пр.И.Х.

**Астина (Јашти)** - кралицата на Ксеркс I, се споменува во книгата на Естира.

**Астролози** - древни набљудувачи на небото; ги проучувале движењата на небеските тела со цел да го откријат нивното влијание врз животот на луѓето. Нивните проучувања водат потекло од вавилонските гатачи. Нивните проучувања го овозможиле развојот на денешната наука астрономија.

**Асуан** - в. Севан.

**Асур (Ашур)** - главен бог на Асирците и назив на нивната прва престолнина (Ездра4,2).

**Асурбанипал** - цар на новото асирско царство (668-626 г.пр. И.Х.).

**Асхан** - ,,копча за нога", ќерката на Халев, што тој му ја дал на брата си Готонил за жена

(ИН 15,16-19; Суд 1,11-15).

**Аталија** - лично име на повеќе личности од СЗ, на пр: кнегињата од Сев.изр.царство (4 Цар 8,18); ќерката на Ахав и Езавела; жената на Јорам итн.



*Атина*

**Атина** - грчки град што го посетил апостолот Павле (Дап 17,15-34) на второто мисионерско патување; древно средиште на уметностаи образованието, познатпо воената сила на колониите.

**Афек** - *корито на потокот,* назив на некои канаански градови, најпознат е пристаништето северно од Кармел, Израелците никогаш не го освоиле (Суд 1,31).

**Ахав** - цар на Обединетото израелско царство, (875-854 г.пр.И.Х.), успешен политичар, чие владеење било време на благосостојба; но се оженил со Езавела, ќерката на сидонскиот цар, па и тој почнал да му се поклонува на Ваал; напаѓан од пророците зашто отстапил од еврејската вера.

**Ахаз** - Јахве зафатил, цар на Јужното Јудино царство (763-721 г.пр.И.Х.), не се приклучил на сојузот со Северното израелско царство и Сирија против Асирија, земјата ја довел во тешка состојба. За да ја избегне пропаста, го повикува царот на Асирија Теглатфеласар, со што привремено ја спасува својата земја, но ја доведува до потполно асирско влијание. Во Библијата се споменува како негативна личност, го жртвувал спостевниот син на асирскиот бог Молох (4 Цар 16).

***Ахаја** - во НЗ римска провинција во која бил вклучен Пелопонез и Северна Грција, јужно од Илири-а, Епир и Тесалија, кои биле дел од Македонија. Главен град бил Коринт (Дап 19,21; Рим 15,26; 1 Сол 1,7-8; 1 Кор 16,15).*

**Ахија** - *брат е Јахве,* лично име на повеќе личности, најважен е Ахија пророкот од Силом, кој го навестил царувањето на Еровоам (3 Цар 11,29-36), а подоцна и неговата пропаст (1 Лт 14,5-16).

**Ахикам** - *братот се возвиши,* дворски службеник, кој го заштитил Еремија за време на владеењето на Јоаким (Ер 26,24).

**Ахимас** - *брат ми е гнев,* син на свештеникот Садок, доушник на Давид за време на побуната на Авесалом (2 Цар 15,36; 17,17-21).

**Ахионама** - една од жените на Давид, мајка на Авесалом и Тамара (2 ЦарЗ,2).

**Ахиор** - амонски војсководец.

**Ахитофел** - Давидов советник, се приклучил на побуната на Авесалом против Давид, се обесил кога сфатил дека не успеал (2 Цар 17,23). Единствен опишан случај на самоубиство во СЗ.

**Ахор** - долина меѓу Ерусалим и Јордан

**Бадем** - вид дрво што расте во Палестина. Цути во текот на јануари. За Израелците било симбол на надежта. Ароновиот стап процветал во бадемови цветови (4Мој 17,8).

**Балсам** - вид маслена материја со пријатен мирис добиена од одредени видови дрва. Се користи за намалување на болките, во козметиката и за балсамирање (1 Мој 37.25).

**Балсам гилеадски** - смола што се добива од корат на некои грмушки; се користи како лек (Ер 8,22).

**Бичување** - се вршело над престапници, мажи, кои немале римско државјанство (Дап 22,25). Се користеле кожни каиши, со вплетени метални предмети или коски. Вообичаено му претходело на распнувањето, а неретко завршувало со смрт (Мт 20,19; 27,26; Јв 19,1).

**Благовест** - радосната вест што Архангел Михаил и ја соопштил на Марија, дека ќе стане мајка на Божјиот Син (Лк 1,26-28). Буквален превод на грчкиот збор „евангелион", кој се одомаќинил кај нас и како Евангелие.

**Благослов** - призивање на Бог да ја излее својата милост над некого. Во прв ред го искажувал таткото. Тој бил **и** свештеник на домот и неговиот благослов го утврдувал домот. Еднаш изречен благослов, не се отповмкува и затоа ја утврдува судбината на човекот (1 Мој 27). Посебно делотворен е благословот на родителите (1

Мој 9,25; 27,28-29). Се благословува во најразлични пригоди: При разделба или мажачка, на пример случката со Ревека (1 Мој 24,60); кога се добиваат подароци, или за нечија помош (1 Мој 9,26; 1 Цар 1,31); кога нешто се посакува, или семоли за нешто, како примерот со Ана и Илија (1 Цар 1,17) итн. Посебна моќ има свештеничкиот благослов. Бог им заповедал на Арон и на другите свештеници да го балгословуваат народот (4 Мој 6,22.27; 3 Мој 9,22-23). Тоа е т. н. Аронов благослов. После вавилонското ропство свештениците изговарале благослов секое утро и секоја вечер после принесувањето на жртва. Истото се прави и во синагогите, а само во Храмот се искажувал благослов без прекин. Христос ги благословил своите ученици (1 Кор 10,16). Највисоката Христова заповеде: „...љубете ги непријателите свои, благословувајте ги оние што ве колнат..." (Мт 5,44).

**Блаженства** - стихови со кои почнува  Христовата  Проповед на гората (Мт 5,3-12; Лк 6,20-23).

**Блуд** - неморал, во преносно значење непослушност кон Бог (Осија 1,2; 3,1) и обраќање кон други богови (Откр 14,8).


IC
XC





Пишуваат: **ПЕТКО ЗЛАТЕСКИ И СЛАВЕ КАТИН**